20242223881

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**3882.**

Врз основа на членот 5 став (3) од Законот за Националната развојна стратегија („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 30/24), Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29 октомври 2024 година донесе

# ПРОГРАМА
# ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА ЗА ПЕРИОДОТ 2024-2028 ГОДИНА

1. Со оваа програма се врши операционализација на Националната развојна стратегија 2024-2044, преку целосен преглед на структурата на мерките за периодот 2024-2028 година.

## СТРАТЕШКА ОБЛАСТ БР. 1: ОДРЖЛИВА, ИНОВАТИВНА И КОНКУРЕНТНА ЕКОНОМИЈА

**Мисија**

Во 2044 година, македонската економија ќе биде иновативна, ефикасна, конкурентна и високоинтегрирана во меѓународната трговија и меѓународните финансии, со развиена претприемничка култура, способна да креира одржлив економски развој, односно прифатлив баланс во трите компоненти на развојот (економската, социјалната и еколошката компонента), нови продуктивни и солидно платени работни места во компании кои го следат технолошкиот развој и произведуваат добра и услуги со висока додадена вредност.

**Стратешки цели**

- Зелена економија базирана на знаење, иновации и дигитализација
- Високоинтегрирана економија во меѓународната трговија и меѓународните финансии
- Работна сила која ги задоволува сегашните и идните потреби на пазарот на труд

| Релевантни преговарачки поглавја со ЕУ | Релевантни Цели за одржлив развој |
|---|---|
| Кластер 2: Внатрешен пазар<br>Поглавје 1: Слободно движење на стоки<br>Поглавје 4: Слободно движење на капитал<br>Поглавје 3: Право на основање и слобода на давање услуги<br>Поглавје 2: Слобода на движење на работници<br>Поглавје 6: Право на трговски друштва<br>Поглавје 8: Политика на конкуренција<br>Поглавје 7: Право на интелектуална сопственост<br>Поглавје 9: Финансиски услуги<br>Кластер 3: Конкурентност и инклузивен раст<br>Поглавје 26: Образование и култура<br>Поглавје 25: Наука и истражувања<br>Поглавје 17: Економска и монетарна политика<br>Поглавје 16: Оданочување<br>Поглавје 29: Царинска унија<br>Кластер 5: Ресурси, земјоделство и кохезија<br>Поглавје 33: Финансиски и буџетски одредби | Цел 8: Достоинствено вработување и економски раст<br>Цел 9: Индустрија, иновации и инфраструктура<br>Цел 4: Квалитетно образование<br>Цел 17: Партнерства за целите за одржливиот развој<br>Цел 1: Нема сиромаштија<br>Цел 10: Намалени нееднаквости<br>Цел 7: Достапна и чиста енергија<br>Цел 16: Мир, правда и силни институции<br>Цел 3: Добро здравје и благосостојба<br>Цел 5: Родова еднаквост |

| Стратешки приоритет | Скратен опис на приоритетот | Водечки орган Други органи | Почетен датум | Планиран датум на извршување | Проценка на потребните средства (годишен просек, 2024-2028) | Извор на финансирање | Показател на резултат (поврзан со приоритетот) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.1.: ЕКОНОМИЈА БАЗИРАНА НА ЗНАЕЊЕ, ИНОВАЦИИ И ДИГИТАЛИЗАЦИЈА | | | | | | | |
| 1.1.1. Модел на економски раст базиран на паметна специјализација и зелена трансформација | Транзиција од модел на раст заснован на високо учество на трудот и физичкиот капитал кон раст базиран на повисоко учество на вкупната факторска продуктивност, со фокус на секторите кои се идентификувани во стратегијата за паметна специјализација. | **Министерство за економија и труд**<br>Министерство за финансии<br>Министерство за образование и наука<br>Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини<br>Фонд за иновации и технолошки развој<br>Банка за поддршка на развојот<br>Приватен сектор (вкл. Стопански комори)<br>МАНУ<br>Универзитети<br>Научно-истражувачки центри<br>ТИРЗ<br>Општини | 2024 година | 2028 година | Капитални расходи над 4,9% од БДП [2024: 4.6% од БДП; 2025: 4.8% од БДП; 2026: 5% од БДП; 2027: 5,2% од БДП и 2028: 5,2% од БДП]<br><br>Грантови преку ФИТР во вредност над 0,1% од БДП<br><br>Странски директни инвестиции (над 3,7% од БДП), годишно.<br><br>Инвестиции на приватниот сектор (над 29,3% од БДП (2024); над 28,8% од БДП (2025); над 28,8% од БДП (2026); над 28,5% од БДП (2027); над 29,2% | Буџет<br><br>Заеми на Светска банка (согласно "Рамката за партнерство 2024-2028")<br><br>Инвестиции на приватниот сектор<br><br>ИПА 2 и ИПА 3 фондови (Претпристапна помош) | Раст на реален БДП над 4% годишно<br><br>Искористеност на производст-вени капацитети (над 85%) |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | од БДП (2028 год.) | | |
| 1.1.2. Резултати од истражување, развој и иновации како основа за забрзан и зелен економски раст | Континуиран раст на јавните вложувања во ИиР, поттикнување на бизнис-секторот за зголемување на вложувањата во ИиР вклучувајќи ги и компаниите во сопственишство на жени, развој на иновации со главен фокус на развој на зелени иновации. | **Министерство за економија и труд**<br>Министерство за финансии<br>Министерство за образование и наука<br>Министерство за животна средина и просторно планирање<br>Фонд за иновации и технолошки развој<br>Банка за поддршка на развојот<br>Приватен сектор (вкл. Стопански комори)<br>МАНУ<br>Универзитети<br>Научно-истражувачки Институти | 2024 година | 2028 година | Капитални расходи над 4,9% од БДП[2024: 4.6% од БДП; 2025: 4.8% од БДП; 2026: 5% од БДП; 2027: 5,2% од БДП и 2028: 5,2% од БДП].<br><br>Грантови преку ФИТР во вредност над 0,1% од БДП<br><br>Странски директни инвестиции (над 3,7% од БДП), годишно.<br><br>Инвестиции на приватниот сектор (над 29,3% од БДП (2024); над 28,8% од БДП (2025); над 28,8% од БДП (2026); над 28,5% од БДП (2027); над 29,2% од БДП (2028 год.) | Буџет<br><br>Инвестиции на приватен сектор<br><br>Меѓународни финансиски институции | |
| 1.1.3. Воспоставена соработка меѓу научноистражувачкиот сектор и бизнисот | Јакнење на соработката меѓу бизнис-секторот и научно-истражувачкиот сектор на земјата и научно-истражувачките јадра на компаниите, | **Министерство за образование и наука**<br>**Министерство за економија и труд** | 2024 година | 2028 година | Вложувања во истражувања и развој (најмалку 0,5% од БДП)<br><br>Грантови преку ФИТР во | Буџет<br><br>Инвестиции на бизнис секторот | Број на активни договори за соработка помеѓу академската заедница и приватниот |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вклучувајќи и користење на дигитални платформи. | Министерство за дигитална трансформација<br>Универзитети<br>Научно-истражувачки Институти<br>Приватен сектор (вкл. Стопански комори)<br>МАНУ | | | вредност над 0,1% од БДП<br><br>Вложување/партиципирање на бизнис секторот | | сектор во областа на иновациите 30 (2028)<br>(Програма за економски реформи)<br><br>Функционални научно – технолошки паркови и други облици на соработка |
| 1.1.4. Екосистем што поддржува претприемништво и стартапи | Развој на претприемнички знаења и вештини, ширење на претприемничката култура, поддршка на женското претприемништво, поддршка на социјалното претприемништво, поттикнување на зелените иновации, интензивирање на соработката со дијаспората и подобрување на пристапот на фирмите до средства за финансирање на развојот (кредити од домашни и странски извори, кредити за зелен раст, ризичен капитал, привлекување капитал од дијаспората и сл.), зајакнување и проширување на постојната иновациска инфраструктура, а препознавајќи ја специфичноста на предизвиците и | **Министерство за економија и труд**<br>Министерство за финансии<br>Министерство за образование и наука<br>Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Фонд за иновации и технолошки развој<br>Приватен сектор (вкл. Стопански комори)<br>Универзитети<br>Научни институти<br>Меѓународни развојни партнери | 2024 година | 2028 година | Капитални расходи над 4,9% од БДП[2024: 4.6% од БДП; 2025: 4.8% од БДП; 2026: 5% од БДП; 2027: 5,2% од БДП и 2028: 5,2% од БДП].<br><br>Грантови преку ФИТР во вредност над 0,1% од БДП<br><br>Странски директни инвестиции (над 3,7% од БДП), годишно.<br><br>Инвестиции на приватниот сектор (над 29,3% од БДП (2024); над 28,8% од БДП (2025); над 28,8% од БДП (2026); | Буџет<br><br>Инвестиции на приватен сектор<br><br>Донации од ЕУ (Претпристапни фондови на ЕУ) | Раст на реален БДП над 4% годишно<br><br>Искористеност на производст-вени капацитети (над 85%) |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | можностите со кои жените се соочуваат на полето на претприемништво. | | | | над 28,5% од БДП (2027); над 29,2% од БДП (2028 год.) | | |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.2.: ВИСОКОИНТЕГРИРАНА ЕКОНОМИЈА ВО МЕЃУНАРОДНАТА ТРГОВИЈА И МЕЃУНАРОДНИТЕ ФИНАНСИИ** | | | | | | | |
| 1.2.1. Регулативна сигурност што создава висок конкурентен притисок на домашниот пазар | Подобрување на клучните сегменти на бизнис-климата, спречување на корупцијата, неформалната економија и нелојалната конкуренција, фер регулација на бизнисите, праведен даночен систем, добро структурирана политика на привлекување на СДИ, адресирање на предизвиците кои непропорционално влијаат на жените во бизнисот, како и предрасудите/ стереотипите вградени во бизнис регулативата и сл. | **Министерство за финансии / Министерство за економија и труд** Министерство за правда Управа за јавни приходи Комисија за заштита на конкуренција Комисија за хартии од вредност Агенција за електронски комуникации Стопански комори Правен систем и сите останати регулаторни тела | 2024 година | 2028 година | / | Буџет<br><br>ИПА 2 и ИПА 3 фондови (Претпристапна помош, План за раст за Западен Балкан) | Проценета вредност на индикаторот за квалитет на регулативата (Светска банка) над 0,7 во 2028 година (релевантен дијапазон: -2,5; +2,5)<br><br>Намалување на проценетиот обем на неформална економија под 30% од БДП<br><br>Индекс за перцепција на корупција од страна на бизнис секторот и останати индикатори за добро владеење |
| 1.2.2. Висок прилив на СДИ во согласност со паметната специјализација и зелената трансформација на земјата | Структурирани политики за привлекување на СДИ усогласени со процесите на паметна специјализација и зелена трансформација, користејќи родово | **Министерство за економија и труд/ Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот** | 2024 година | 2028 година | Поддршка преку ТИРЗ од најмалку 0,3% од БДП | Буџет | Раст на реален БДП над 4% годишно |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | одговорен пристап кој ги препознава потенцијалните родови диспаритети во прераспределба на ресурси и можности. | Министерство за финансии<br>Дирекција за технолошки индустриско-развојни зони<br>Министерство за животна средина и просторно планирање<br>Народна банка на РСМ | | | | | |
| 1.2.3. Домашни компании вклучени во регионалните и во глобалните синџири на вредност | Креирање поттикнувачки политики и обезбедување помош на домашните фирми кои имаат потенцијал да соработуваат со странските компании во индустриските зони, врз основа на суб-контракторство, заедничко организирање обуки и тренинзи со странските компании на обуки и тренинзи за со цел стекнување и усовршување на знаењата и вештините на вработените, олеснување на влезот на домашните фирми во ТИРЗ гарантирајќи дека вработените жени имаат еднаков пристап до можности за професионален развој и сл. | **Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот /Министерство за економија и труд**<br>Министерство за финансии<br>Министерство за дигитална трансформација<br>Дирекција за технолошки индустриско-развојни зони<br>Банка за поддршка на развојот<br>Стопански комори и бизнис заедница | 2024 година | 2028 година | Грантови преку ФИТР во вредност над 0,1% од БДП | Буџет<br><br>Претпристапни фондови ( ИПА 2 и ИПА 3 фондови)<br><br>Грантови<br><br>Заеми на Светска банка (согласно "Рамката за партнерство 2024-2028") | Раст на реален БДП над 4% годишно<br><br>Број на производи што се извезуваат во ЕУ (CN шифри кои бележат позитивни извозни вредности)над 3.500 (2028 година)<br><br>Индекс за пенетрација на извозните пазари (над 4,3)<br><br>Индекс на логистички перформанси (над 3,1) |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.2.4. Пристап до конкурентни и диверзификувани финансиски услуги и капитал | Редефинирање и диверзификација на финансискиот систем, поголемо учество на кредити за поддршка на зелениот раст и дигитализацијата, поголема употреба на европските фондови, развивање различни форми на ризичен капитал, препознавајќи ги специфичните финансиски потреби и предизвици со кои се соочуваат жените во бизнисот итн. | **Министерство за финансии**<br>Министерство за животна средина и просторно планирање<br>Министерство за дигитална трансформација<br>Банка за поддршка на развојот<br>Народна банка на РСМ<br>Комисија за хартии од вредност<br>Финансиски институции | 2024 година | 2028 година | Програми на Развојна банка<br><br>Заем од Светска банка за развој на приватен сектор и пристап до финансирање, 40 милиони САД долари; 2025-26 год. (согласно "Рамката за партнерство 2024-2028" | Буџет<br><br>Развојна банка<br><br>Светска банка | Кредити на финансискиот систем наменети за нефинан-сиски субјекти над 55% од БДП |
| 1.2.5. Извозна структура на земјата со застапеност на добра со висок степен на финализација и на услуги со висока содржина на знаења | Поддршка на домашните иновативни компании за повисока додадена вредност (преку мерките на иновациската политика), оспособување на домашните компании за активна партиципација во производството на добра и услуги на странските инвеститори, за да се поддржи започнатиот процес на подобрување на извозната структура на земјата, и подобар третман на домашните компании од ИКТ секторот гарантирајќи дека компаниите раководени од жени имаат еднакви можности за учество. | **Министерство за економија и труд/ Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот**<br>Министерство за финансии<br>Министерство за образование и наука<br>Банка за поддршка на развојот<br>Дирекција за технолошки индустриско-развојни зони | 2024 година | 2028 година | Грантови преку ФИТР во вредност од над 0,1% од БДП | Буџет<br><br>Инвестиции на приватен сектор | Високотехнолошки извоз (процент од вкупниот извоз на индустриски производи) - над 4,5%<br><br>Индекс за пенетрација на извозните пазари (над 4,3)<br><br>Индекс на логистички перформанси (над 3,1) |
| 1.2.6. Висок степен на формализација на економијата | Зголемување на капацитетот и | **Министерство за финансии** | 2024 година | 2028 година | / | Буџет | Намалување на неформалната |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ефикасноста на даночната администрација за детектирање на неформалните бизниси и за намалување на евазијата, како еден од условите за зголемување на фискалниот капацитет на земјата без дополнителни фискални оптоварувања препознавајќи ги и пресретнувајќи ги специфичните предизвици со кои се соочуваат жените во процесот на формализација на нивните бизниси. | Управа за јавни приходи<br>Министерство за економија и труд<br>Државен пазарен инспекторат<br>Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Стопански комори<br>НБРМ | | | | Донација од ЕУ (План за раст за Западен Балкан, 2024-2027) | економија под 25% од БДП во 2028 година<br><br>Раст на реален БДП над 4,5% годишно |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.3.: РАБОТНА СИЛА ШТО ГИ ЗАДОВОЛУВА СЕГАШНИТЕ И ИДНИТЕ ПОТРЕБИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУД** | | | | | | | |
| 1.3.1. Наставни програми со интегрирани предмети и содржини поврзани со иновации и претприемништво | Збогатување на наставните програми и содржини кои ги изучуваат претприемништвото и иновациите во основното, средното и високото образование и формирање на претприемнички центри (акцелератори, хабови, техно-паркови) на универзитетите во кои жените имаат еднаков пристап до овие ресурси и можат активно да учествуваат во претприемничкиот екосистем. | **Министерство за образование и наука**<br>Национален совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>Агенција за квалитет во високото образование<br>Биро за развој на образование<br>Центар за стручно образование и обука<br>Универзитети<br>Научно-истражувачки центри | 2024 година | 2028 година | Во рамки на постојните буџетски програми<br><br>Компонента на заем за развој на човечки капитал (Светска банка (согласно "Рамката за партнерство 2024-2028"), 80 милиони долари)<br><br>Инвестиции на бизнис сектор | Буџет<br><br>Заеми од Светска банка<br><br>Бизнис сектор | Бруто-домашна потрошувачка на истражување и развој, како процент од БДП (најмалку 0,5% од БДП) |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Стопански комори и бизнис сектор<br>Општини | | | | | |
| 1.3.2. Задолжителна практична настава во средното и во високото образование | Поголема застапеност и подобар квалитет на практиката, вклучување на бизнис-секторот во изготвувањето на наставните програми и изразување на своите потреби за видот на струките и занаетите, како и обезбедување поттикнувачки мерки за фирмите кои организираат практична настава и соодветни надоместоци за практикантите и ќе гарантира родово одговорен пристап кој ги адресира потенцијалните родови диспаритети во пристапот до средно образование и квалитетна пракса. Подобар квалитет на задолжителната практика на факултетите и финансиски стимули за фирмите кои ќе се обврзат да ги вработат добрите студенти. | **Министерство за образование и наука**<br>Национален совет за високо образование и научно истражувачка дејност<br>Агенција за квалитет во високото образование<br>Универзитети<br>Биро за развој на образование<br>Центар за стручно образование и обука<br>Стопански комори/бизнис сектор<br>Општини | 2024 година | 2028 година | / | Буџет<br><br>Бизнис сектор | Стапка на невработеност на млади (15-29 години) под 30% во 2028 година |
| 1.3.3. Кариерен развој на ученици и студенти | Преку обезбедување услуги за кариерно насочување и советување, поддршка за младите луѓе да направат избори во согласност со нивните интереси и да се стекнуваат со вештини и знаења кои ги бара пазарот на труд кое ги | **Министерство за образование и наука**<br>Универзитети<br>Биро за развој на образование<br>Центар за стручно образование и обука<br>Стопански комори | 2024 година | 2028 година | Вкупни буџетски расходи за образование и наука (над 4% од БДП) (во согласност со Националната стратегија за млади) | / | Стапка на невработеност на млади (15-29 години) под 30% во 2028 година |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | препознава специфичните потреби и аспирации на момчињата и девојчињата. | | | | | | |
| 1.3.4. Формално и неформално образование во согласност со технолошките и со пазарните трендови | Утврдување на јазот помеѓу понудата и побарувачката за работна сила на пазарот на труд во поглед на знаењето, вештините, работните профили, како и усогласување на програмите за образование и обука со технолошките промени и трендови, односно сегашните и идните промени и потреби на пазарот на труд гарантирајќи дека и мажите и жените имаат можности да се стекнат со вештини потребни за технолошки развој и да ги пресретнат потребите на пазарот на труд, валидација на неформално и информално учење, обезбедување на квалитет, пост-средно образование и доживотно учење. | **Министерство за образование и наука**<br>Национален совет за високо образование и научно истражувачка дејност<br>Агенција за квалитет во високото образование<br>Агенција за вработување<br>Универзитети<br>Биро за развој на образование<br>Центар за стручно образование и обука<br>Центар за образование на возрасни<br>Стопански комори | 2024 година | 2028 година | Постојни буџетски програми<br><br>Компонента на заем за развој на човечки капитал (Светска банка, огласно "Рамката за партнерство 2024-2028"), 80 милиони долари) | Буџет<br><br>Заеми на Светска банка<br><br>Донација од ЕУ (ИПА 2 и ИПА 3 фондови) | Стапка на невработеност на млади (15-29 години) под 30% во 2028 година<br><br>Стапка на невработеност под 10% од работната сила<br><br>Учество на неформално вработени во вкупниот број на вработени лица (ДЗС - АРС) под 8% (Програма за економски реформи) |
| 1.3.5. Воспоставена мобилност на работната сила со фокус на привлекувањето интелект („brain gain") | Реверзибилна мобилност на младите и високообразовните кадри од странство.<br>Воспоставување на соработка со научната дијаспора во правец на обезбедување на поддршка од иселениците за развој на домашната | **Министерство за образование и наука**<br>Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Министерство за економија и труд | 2024 година | 2028 година | Во согласност со Националната стратегија за демографски развој | / | Зголемување на миграцискиот прилив на иселеници од странство за 5% годишно<br><br>Стапка на вработеност (15-64 години) |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | економија преку нивни инвестиции и поврзување со компании и научно-истражувачки центри гарантирајќи дека придобивките од овие можности се достапни за жените и мажите | Агенција за иселеништво<br>МАНУ<br>Универзитети<br>Стопански комори | | | | | над 53% во 2028 година |
| 1.3.6. Регулирана легална имиграција за справување со недостигот на пазарот на трудот | Ефективно управување и искористување на потенцијалот на надворешните миграции и обезбедување на регулирана интеграција на пазарот на труд препознавајќи ги потенцијалните разлики како имиграциските политики може да влијаат на мажите и жените | **Министерство за надворешни работи и надворешна трговија**<br>Министерство за внатрешни работи<br>Стопански комори<br>Министерство за економија и труд<br>Државен завод за статистика | 2024 година | 2028 година | Во согласност со Националната стратегија за демографски развој | / | Стапка на вработеност (15-64 години) над 53% во 2028 година |
| 1.3.7. Зголемено учество на жените и на ранливите групи во економските текови на државата | Создавање на услови и поттикнувачки мерки за зголемување на стапката на активност на работната сила и фокус на активација на жените и ранливите групи. | **Министерство за социјална политика, демографија и млади**<br>Министерство за економија и труд<br>Стопански комори<br>Агенција за вработување<br>Граѓански организации | 2024 година | 2028 година | Грантови за женско претприемништ-во<br><br>Грантови за самовработување | Буџет<br><br>Буџети на ЕЛС<br><br>Претпристапни фондови на ЕУ (Донации од ЕУ) | Стапка на активност на жените на пазарот на работна сила (15-64) над 58% во 2028 година |
| 1.3.8. Инвестиции во талентирани ученици и студенти | Усвојување на програми за стипендии за поддршка на талентирани ученици и студенти од различни области во согласност со националните приоритети. Грантови за истражување и иновации и поттикнување на студентите да учествуваат во истражувачки и развојни проекти. | **Министерство за образование и наука**<br>Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Биро за развој на образованието<br>Стопански комори<br>МАНУ | 2024 година | 2028 година | Буџетски трошоци за образование и наука (над 4% од БДП)<br><br>Поддршка на бизнис сектор | Буџет<br><br>Буџети на ЕЛС<br><br>бизнис сектор | Стапка на невработе-ност под 10% од работната сила |

## СТРАТЕШКА ОБЛАСТ БР. 2: ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН И РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ШТО ОБЕЗБЕДУВА КОХЕЗИЈА

**Мисија**

Сите луѓе, без разлика на местото на живеење, имаат еднаков пристап до можности за висок квалитет на живот. Партнерството и соработката со локалните заедници резултира со зајакната инфраструктура и услуги што го поттикнуваат економскиот раст, социјалниот напредок ***и ги адресираат потенцијалните родови диспартети***.

**Стратешки цели**

- Намалени диспаритети во рамки на и меѓу планските региони
- Луѓето имаат корист од отпорна капитална инфраструктура
- Функционални и фискално одржливи општини

| Релевантни преговарачки поглавја со ЕУ | Релевантни Цели за одржлив развој |
|---|---|
| Кластер 5: Ресурси, земјоделство и кохезија<br>Поглавје 22: Регионална политика и координација на структурни инструменти<br>Кластер 4: Зелена агенда и одржлива поврзаност<br>Поглавје 14: Транспортна политика<br>Поглавје 21: Трансевропски мрежи<br>Кластер 2: Внатрешен пазар<br>Поглавје 2: Слобода на движење на работници<br>Кластер 1: Фундаменти<br>Поглавје 18: Статистика | Цел 11: Одржливи градови и заедници<br>Цел 10: Намалени нееднаквости<br>Цел 8: Достоинствено вработување и економски раст<br>Цел 5: Родова еднаквост<br>Цел 9: Индустрија, иновации и инфраструктура<br>Цел 16: Мир, правда и силни институции<br>Цел 1: Нема сиромаштија<br>Цел 2: Нула глад<br>Цел 6: Чиста вода и санитетски услови<br>Цел 12: Одговорна потрошувачка и производство<br>Цел 15: Живот на копно |

| Стратешки приоритет | Скратен опис на приоритетот | Водечки орган Други органи | Почетендату м | Планирандат ум на извршување | Проценка на потребните средства (годишен просек, 2024-2028) | Извор на финансирање | Показател на резултат (поврзан со приоритетот) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2.1.: НАМАЛЕНИ ДИСПАРИТЕТИ ВО РАМКИ НА И МЕЃУ ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ** | | | | | | | |
| 2.1.1. Полицентричен просторен развој и висок степен на внатрешна и на надворешна територијална кохезија | Поттикнување на рамномерен и одржлив развој на целата територија, со намалување на разликите меѓу и во рамките на планските региони и усогласување на политиките со принципите на територијална кохезија со родово инклузивна перспектива според пристапот на Европската Унија. | **Министерство за локална самоуправа**<br>Министерство за финансии<br>Министерство за животна средина и просторно планирање<br>Министерство за транспорт<br>Биро за регионален развој<br>Агенција за планирање на просторот<br>Министерство за односи меѓу заедниците<br>Плански региони<br>Единици на локална самоуправа | 2024 година | 2028 година | Вкупни општински приходи на сите ЕЛС над 5% од БДП<br><br>Средства за рамномерен регионален развој (најмалку 1% од БДП) | Сопствени приходи на ЕЛС<br><br>Поделени даноци<br><br>Трансфери од централен буџет<br><br>ИПА 2 и ИПА 3 фондови (Претпристапн а помош) | Степен на фискална децентрали-зација над 5% од БДП |
| 2.1.2. Населени места со развиена инфраструктура и динамичен социоекономски и културен живот | Поттикнување на модерни и добро поврзани градови и рурални области со развиена и отпорна инфраструктура, кои ги адресираат специфичните потреби и улоги кои ги имаат мажите и жените во рурални средини, вклучувајќи транспорт и комунални услуги. Преку насочени иницијативи и инвестиции ќе се зајакнат | **Министерство за локална самоуправа/ Министерство за транспорт**<br><br>Министерство за животна средина и просторно планирање<br>Министерство за социјална | 2024 година | 2028 година | Вкупни општински приходи на сите ЕЛС над 5% од БДП<br><br>Средства за рамномерен регионален развој (најмалку 1% од БДП) | Сопствени приходи на ЕЛС<br><br>Поделени даноци<br><br>Трансфери од централен буџет | Степен на фискална децентрали-зација над 5% од БДП |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | руралните средини, а со стратешко усогласување на развојните напори со локалните ресурси и можности ќе се подобри безбедноста на храната, еколошката одржливост и економскиот просперитет во руралните области. | политика, демографија и млади<br>Агенција за планирање на просторот<br>Биро за регионален развој<br>Плански региони<br>Единици на локална самоуправа<br>Бизнис сектор | | | | Инвестиции на бизнис секторот | |
| 2.1.3. Квалитетни и инклузивни јавни услуги | Квалитетно обезбедување услуги како што се здравството, образованието, социјалната заштита, инфраструктурата, истовремено обезбедувајќи услови за маргинализираните и ранливите заедници. Интегрирање на дигитални решенија за премостување на географските празнини и пристап до тешко достапните заедници имаат корист од квалитетна здравствена заштита, социјална поддршка и услуги за заштита на децата. | **Влада на РСМ**<br>**Министерство за финансии**<br>Министерство за локална самоуправа<br>Министерство за јавна администрација<br>Министерство за дитигална трансформација<br>Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Министерство за здравство<br>Министерство за култура и туризам<br>Министерство за здравство<br>Министерство за образование и наука<br>Министерство за социјална политика, | 2024 година | 2028 година | Вкупни општински приходи на сите ЕЛС над 5% од БДП<br><br>Средства за рамномерен регионален развој (најмалку 1% од БДП)<br><br>Заем за поврзаност на локални патишта, 25 милиони САД долари (Светска банка, согласно "Рамката за партнерство 2024-2028" | Сопствени приходи на ЕЛС<br><br>Поделени даноци<br><br>Трансфери од централен буџет<br><br>Заем од Светска банка<br><br>ИПА 2 и ИПА 3 фондови (Претпристапна помош) | Степен на фискална децентрализација над 5% од БДП |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | демографија и млади<br>Министерство за односи меѓу заедниците<br>Плански региони<br>Единици на локална самоуправа | | | | | |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2.2.: КАПИТАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ФУНКЦИЈА НА ПОДОБАР ЖИВОТ** | | | | | | | |
| 2.2.1. Изградени и одржувани европски инфраструктурни коридори и безбедна и модерна патна и железничка мрежа | Активно учество во проширувањето и модернизацијата на клучните транспортни коридори. | **Влада на РСМ**<br><br>Министерство за транспорт<br><br>Министерство за финансии<br><br>Министерство за локална самоуправа<br><br>Агенција за планирање на просторот<br><br>Плански региони<br><br>Единици на локална самоуправа | 2024 година | 2028 година | Капитални расходи над 4,5% од БДП[2024: 4.6% од БДП; 2025: 4.5% од БДП; 2026: 4.9% од БДП; 2027: 5% од БДП и 2028: 5.2% од БДП].<br><br>Програма ДА Инвестиции во железничка инфраструктура (>1,9 милијарди денари)<br><br>Заеми на Светска банка (согласно "Рамката за партнерство 2024-2028") [1] модернизација и изградба на патишта, 30 милиони САД долари (2024 год)<br><br>Заем за регионална трговија и транспорт 2 (30 | Буџет<br><br>Претпристапни фондови на ЕУ<br><br>Заеми на Светска банка | Пораст на индексот за регионален развој за 10 процентни поени |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | милиони САД долари, Светска банка) | | |
| 2.2.2. Дигитализирано и функционално просторно и урбанистичко планирање | Усогласување на институционалната и комуналната инфраструктура со европските стандарди, ефикасно управување со урбаниот и просторниот развој, осигурувајќи дека во рамките на кој проектите се дизајнирани на инклузивен начин со фокус на одржливост и еколошки размислувања и согласно специфичните потреби и улоги на мажите и жените во урбаното и просторно планирање | **Влада на РСМ**<br>**Единици на локална самоуправа**<br>Министерство за животна средина и просторно планирање<br>Агенција за планирање на просторот<br>Министерство за дигитална трансформација<br>Министерство за транспорт<br>Министерство за локална самоуправа<br>Единици на локалната самоуправа | 2024 година | 2028 година | Капитални расходи над 4,5% од БДП<br><br>2024: 4.6% од БДП; 2025: 4.5% од БДП; 2026: 4.9% од БДП; 2027: 5% од БДП и 2028: 5.2% од БДП.<br><br>Заем од Светска банка (Агенда за дигитален развој, 50 милиони САД долари – 2025 година) | Буџет<br><br>Буџети на ЕЛС<br><br>Претпристапни фондови на ЕУ | Пораст на индексот за регионален развој за 10 процентни поени |
| 2.2.3. Одржлив систем на долгорочно финансирање и градење отпорна капитална инфраструктура | Долгорочно приоретизирање и планирање на потребните финансии за клучните капитални проекти и максимизирање на ефективноста на буџетските средства (вредност за пари), насочувајќи ги ресурсите во проекти кои се од огромно значење за одржливиот развој и различните влијанија кои истите ги имаат врз жените и мажите | **Влада на РСМ/**<br>Министерство за финансии<br>Министерство за транспорт<br>Министерство за животна средина и просторно планирање<br>Единици на локална самоуправа | 2024 година | 2028 година | Капитални расходи над 4,5% од БДП<br><br>2024: 4.6% од БДП; 2025: 4.5% од БДП; 2026: 4.9% од БДП; 2027: 5% од БДП и 2028: 5.2% од БДП.<br><br>Заем од Светска банка (согласно "Рамката за партнерство | Буџет<br><br>Буџети на ЕЛС<br><br>Претпристапни фондови на ЕУ<br><br>Заеми на Светска банка | Пораст на индексот за регионален развој за 10 п.п. до 2028 година<br><br>Пораст на индексот на развој на руралните средини за 10 п.п. до 2028 година<br><br>Процент (%) на население |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | 2024-2028") за: [1] одржлив општински развој, 50 милиони САД долари; 2025-26 год. [2] Земјо-делство (50 милиони САД долари, 2027-2028 год) | | покриено со системот за управување со отпадни води (над 32% во 2028 година) |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2.3.: ФУНКЦИОНАЛНИ И ФИСКАЛНО ОДРЖЛИВИ ОПШТИНИ** | | | | | | | |
| 2.3.1. Единици на локална самоуправа што на ефективен начин ги извршуваат своите надлежности | Поттикнување на децентрализирано управување, подобрување на испораката на локалните јавни услуги кои адресираат родово специфични предизвици и промовирање на развојот на заедницата | **Единици на локална самоуправа/ Министерство за локална самоуправа Влада на РСМ** Министерство за финансии Министерство за дигитална трансформација Други министерства поврзани со надлежностите на ЕЛС ЗЕЛС | 2024 година | 2028 година | Вкупни буџетски расходи на ЕЛС од најмалку 5% од БДП<br><br>Буџетска програма за децентрализа-ција (> 30 милијарди денари годишно) | Сопствени приходи на ЕЛС<br><br>Поделени даноци<br><br>Трансфери од централен буџет | Комбиниран показател (AROPE), стапка на сиромашни или социјално исклучени лица (под 40%) |
| 2.3.2. Фискално автономни единици на локална самоуправа со силни сопствени извори на приходи | Обезбедување повисок степен на фискална автономија (законска и функционална) со цел зајакнување на фискалните капацитети на општините, паралелно со зајакнување на нивните капацитети за управување, обезбедувајќи дека одлуките за буџетот ги земаат во предвид родово сензитивните потреби и | **Единици на локална самоуправа** Министерство за финансии Министерство за локална самоуправа Други министерства поврзани со | 2024 година | 2028 година | Вкупни буџетски расходи на ЕЛС од најмалку 5% од БДП | Сопствени приходи на ЕЛС<br><br>Поделени даноци<br><br>Трансфери од централен буџет | Пораст на индексот за регионален развој за 10 п.п. до 2028 година<br><br>Пораст на индексот на развој на руралните средини за 10 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | промовираат учество на жените во локалното управување | надлежностите на ЕЛС<br>ЗЕЛС | | | | | п.п. до 2028 година |
| 2.3.3. Фискални трансфери засновани на перформансите и на потребите на локалните самоуправи | Систем на фискални трансфери, особено капитални трансфери коишто ќе ги земе предвид спецификите/разликите и потребите на локалните самоуправи, притоа обезбедувајќи зголемување на нивните перформанси. Инвестирањето во критичните области, како што се инфраструктурата, комуналните дејности, образованието и здравството. | **Министерство за финансии**<br>Единици на локална самоуправа<br>Министерство за локална самоуправа<br>Министерство за образование и наука<br>Министерство за здравство<br>Министерство за одбрана<br>Министерство за култура и туризам<br>Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Министерство за транспорт | 2024 година | 2028 година | Вкупни буџетски расходи на ЕЛС од најмалку 5% од БДП | Сопствени приходи на ЕЛС<br><br>Поделени даноци<br><br>Трансфери од централен буџет | Пораст на индексот за регионален развој за 10 п.п. до 2028 година<br><br>Пораст на индексот на развој на руралните средини за 10 п.п. до 2028 година |
| 2.3.4. Родово одговорен пристап во управувањето и буџетирањето во локалните самоуправи | Имплементирање на родово одговорни практики и родовото буџетирање за да се унапреди социјалната еднаквост и да поттикне поинклузивен и репрезентативен систем на локално управување | **Единици на локална самоуправа**<br>Министерство за финансии<br>Министерство за локална самоуправа<br>Министерство за образование и наука<br>Министерство за здравство<br>Министерство за одбрана | 2024 година | 2028 година | / | Сопствени приходи на ЕЛС<br><br>Поделени даноци<br><br>Трансфери од централен буџет | Процент на ЕЛС кои применуваат родово одговорен пристап (над 30%) до 2028 година |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Министерство за култура и туризам Министерство за социјална политика, демографија и млади | | | | | |

## СТРАТЕШКА ОБЛАСТ БР. 3: ДЕМОГРАФСКА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА И КУЛТУРЕН И СОЦИЈАЛЕН РАЗВОЈ

**Мисија**

Нашата мисија е да поттикнеме демографска ревитализација и социјален развој во Северна Македонија, создавајќи одржлива средина каде што сите поединци и заедници можат да напредуваат. За да се оствари ова потребна е примена на пристап кој промовира координирано управување, проактивно планирање и иновативни стратегии за справување со демографските промени и социјалните предизвици. Нашиот примарен фокус е на подобрување на општествениот развој и демографската стабилност преку соработка со сите релевантни сектори од суштинско значење за благосостојбата на нашето општество ***преку препознавање на специфичните потреби и предизвици со кои се соочуваат жените и мажите***. Ефективното споделување информации и меѓусекторската соработка се најважни во нашата мисија да се осигуриме дека нашите политики имаат приоритет на зајакнувањето и вклучувањето на сите поединци, промовирање на културниот идентитет и градење социјална отпорност. Основната идеја е да се создаде општество кое е демографски балансирано, економски просперитетно и социјално кохезивно, обезбедувајќи ја безбедноста и стабилноста на нашата нација за генерациите што доаѓаат.

**Стратешки цели**

- Балансирани и одржливи демографски движења
- Здрави и среќни луѓе
- Инклузивен и ефикасен систем на социјална заштита и социјална сигурност
- Општество базирано на знаење, критичко размислување и вредности
- Препознатлив културен идентитет и вредности.

| Релевантни преговарачки поглавјасо ЕУ | Релевантни Цели за одржлив развој |
|---|---|
| Кластер 3: Конкурентност и инклузивен раст<br>Поглавје 19: Социјална политика и вработување<br>Кластер 2: Внатрешен пазар<br>Поглавје 2: Слобода на движење на работници | Цел 8: Достоинствено вработување и економски раст<br>Цел 3: Добро здравје и благосостојба<br>Цел 1: Нема сиромаштија<br>Цел 11: Одржливи градови и заедници<br>Цел 10: Намалени нееднаквости<br>Цел 4: Квалитетно образование<br>Цел 9: Индустрија, иновации и инфраструктура<br>Цел 2: Нема глад<br>Цел 12: Одржлива потрошувачка и производство<br>Цел 7: Достапна и чиста енергија |

| Стратешки приоритет | Скратен опис на приоритетот | Водечки орган Други органи | Почетендату м | Планирандат ум на извршување | Проценка на потребните средства (годишен просек, 2024-2028) | Извор на финансирање | Показател на резултат (поврзан со приоритетот) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3.1.: БАЛАНСИРАНИ И ОДРЖЛИВИ ДЕМОГРАФСКИ ДВИЖЕЊА** | | | | | | | |
| 3.1.1. Рамнотежа меѓу семејните и професионалните обврски | Со обезбедување механизми за поддршка за семејствата и родителите, да се поттикне растот на населението, да се ублажат финансиските оптоварувања поврзани со воспитувањето на децата и да им овозможи на поединците да го балансираат својот професионален и личниот живот и да се подобри достапноста и условите за домување. Поддршка на демографската ревитализација и наталаитетот, но и активација на жените на пазарот на работна сила и овозможување услови за кариерен развој. | **Влада на РСМ** Министерство за социјална политика, демографија и млади Министерство за економија и труд Министерство за здравство Министерство за образование и наука | 2024 година | 2028 година | Буџетска програма 7104 Семејства и деца – најмалку 111,5 милијарди денари (2024 год.)<br><br>Останата буџетска поддршка за проекти со директно и посредно влијание | Буџет<br><br>Претпристапни фондови на ЕУ | Неделен фонд на работни часови (под 40) |
| 3.1.2. Развиена институционална соработка, координација и промовирање на реинтеграција на дијаспората | Поврзување со дијаспората за да се искористи нивното знаење, експертиза и ресурси со што ќе се подобри присуството на земјата на глобалните пазари и ќе се олесни трансферот на знаење, инвестициите и | **Влада на РСМ** Агенција за иселеништво Министерство за надворешни работи и надворешна трговија Министерство за економија и труд | 2024 година | 2028 година | / | / | Индекс на демографски притисок (0; 100%) – под 55% (Фонд за мир)<br><br>Позитивен нето миграциски прилив |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | културната размена која е инклузивна и одговорена кон родово специфичните потреби и можности за придонес. Промовирање на реинтеграција на повратниците | Министерство за локална самоуправа<br>Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Стопански комори | | | | | |
| 3.1.3. Демографски ревитализирани рурални места | Примена на повеќеслоен пристап кој започнува со развој на руралната инфраструктура, а потоа со зајакнувањето на услугите, поттикнување на развојот на агробизнисот и диверзификацијата на руралната економија преку поддршка на малите и средни претпријатија. Промовирање на одржливото земјоделство и еколошките практики кои ги препознаваат и адресират специфичните предизвици и можности со кои се соочуваат младите жени и девојки со акцент на културните традиции и културното наследство. | **Влада на РСМ**<br>Министерство за локална самоуправа<br>Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Министерство за транспорт<br>Министерство за здравство<br>Министерство за финансии<br>Биро за регионален развој<br>Министерство за економија и труд<br>Министерство за образование и наука<br>Државен завод за статистика<br>Плански региони<br>Единици на локална самоуправа | 2024 година | 2028 година | Капитални расходи над 4,5% од БДП[2024: 4.6% од БДП; 2025: 4.5% од БДП; 2026: 4.9% од БДП; 2027: 5% од БДП и 2028: 5.2% од БДП].<br><br>Вкупни буџетски расходи на ЕЛС од најмалку 5% од БДП.<br><br>Заем од Светска банка за: [1] одржлив општински развој, 50 милиони САД долари; 2025-26 год. [2] Земјоделство (50 милиони САД долари, 2027-2028 год) | Буџет<br><br>Буџети на ЕЛС<br><br>Претпристапни фондови на ЕУ<br><br>Заеми за Светска банка<br><br>Бизнис сектор | Нето миграциски прилив во најмалку 10 рурални општини<br><br>Индекс на демографски притисок (0; 100%) – под 55% (Фонд за мир)<br><br>Позитивен нето миграциски прилив |
| 3.1.4. Достапно и квалитетно домување | Спроведување политики и стимулации кои поттикнуваат изградба на домови со пристапни цени, вклучувајќи | **Влада на РСМ**<br>**Министерство за социјална политика,** | 2024 година | | Капитални расходи над 4,5% од БДП | Буџет<br><br>Буџети на ЕЛС | Усвоена регулатива за достапно домување |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | субвенции, даночни стимулации и рационализирани регулативи за да се намали финансискиот товар на потенцијалните сопственици, земајќи ги во предвид различните предизвици и можности со кои се соочуваат мажите и жените. Развој на програми за социјално домување за поединци и семејства со ниски приходи. Решавањето на прашањата поврзани со енергетската ефикасност и одржливост во домувањето може да ги намали долгорочните трошоци за домување и да придонесе за подобрување на условите за живеење. | **демографија и млади**<br>Министерство за транспорт<br>Министерство за финансии<br>Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини,<br>Министерство за локална самоуправа<br>Единици на локална самоуправа<br>ЗЕЛС | | 2028 година | 2024: 4.6% од БДП; 2025: 4.5% од БДП; 2026: 4.9% од БДП; 2027: 5% од БДП и 2028: 5.2% од БДП.<br><br>Вкупни буџетски расходи на ЕЛС од најмалку 5% од БДП | Претпристапни фондови на ЕУ | Број на корисници кои обезбедиле достапно домување |
| 3.1.5. Системско управување со внатрешни и со надворешни миграциски текови | Преку систематско собирање и анализа на податоци, сеопфатно анализирање на миграциските трендови, идентификување на клучните двигатели, активен одговор на внатрешните и надворешните миграциски предизвици како и управување со предизвиците поврзани со децата мигранти, како и со присилните и мешаните миграциски движења. | **Влада на РСМ**<br>Министерство за внатрешни работи<br>МАНУ<br>Министерство за локална самоуправа<br>Агенција за иселеништво<br>Министерство за надворешни работи и надворешна трговија<br>Министерство за образование и наука | 2024 година | 2028 година | Вкупни буџетски расходи на централниот буџет над 35% од БДП<br><br>Вкупни буџетски расходи на ЕЛС од најмалку 5% од БДП | Буџет<br><br>Буџети на ЕЛС<br><br>Претпристапни фондови на ЕУ | Индекс на демографски притисок (0; 100%) – под 55% (Фонд за мир)<br><br>Позитивен нето миграциски прилив |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Биро за регионален развој<br>ЕЛС/ЗЕЛС | | | | | |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3.2.: ЗДРАВИ И СРЕЌНИ ЛУЃЕ** | | | | | | | |
| 3.2.1. Граѓани што практикуваат здрав начин на живот | Фокусирање на превентивни мерки, како што е едукацијата за исхраната и важноста на активниот начин на живот. | **Министерство за здравство**<br>Министерство за образование и наука<br>Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Министерство за спорт | 2024 година | 2028 година | / | Буџет | Очекуван здрав живот на 60 години (над 15)<br><br>Очекуван здрав живот при раѓање (над 67 години) |
| 3.2.3. Граѓани фокусирани на превентивна здравствена заштита за сите фактори на ризик | Одредување на родово одговорни фактори на ризик преку иницијативи за јавно здравје. | **Министерство за здравство**<br>**Центар за јавно здравје**<br>**Центри за јавно здравје**<br>Министерство за образование и наука<br>Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Министерство за економија и труд<br>ЕЛС | 2024 година | 2028 година | Вкупни буџетски расходи за здравство (над 5,5% од БДП) | / | |
| 3.2.3. Граѓани што живеат во ментална благосостојба | Акцент на емоционалното и | **Министерство за здравство** | 2024 година | | / | / | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | психолошкото здравје на сите категории граѓани | Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Министерство за образование и наука<br>**ЕЛС** | | 2028 година | | | |
| 3.2.4. Јавен здравствен систем што предвидува и се справува со постојните и идните здравствени, демографски и финансиски предизвици | Финансирање со кое се овозможува добро опремени и квалитетно менаџирани здравствени установи, кои се добро опремени, соодветно платен медицински персонал и лесно достапни основните услуги. Јавно здравство со напредни технологии и функционален информациски систем | **Министерство за здравство**<br>**Министерство за финансии** | 2024 година | 2028 година | Вкупни буџетски расходи за здравство (над 5,5% од БДП) | | Вкупни буџетски расходи за здравство (над 5,5% од БДП) |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3.3.: ИНКЛУЗИВЕН И ЕФИКАСЕН СИСТЕМ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ** | | | | | | | |
| 3.3.1. Проактивна превенција од социјални ризици | Родово одговорни политики и иницијативи кои се однесуваат на прашања како што се сиромаштијата, невработеноста и здравствените разлики. Фокус на рана превенција интервенција. | **Министерство за социјална политика, демографија и млади**<br>Министерство за финансии<br>Министерство за економија и труд<br>Министерство за здравство / Центар за јавно здравје<br>Министерство за образование и наука<br>Министерство за здравство | 2024 година | 2028 година | Буџетски расходи за социјална заштита (над 12% од БДП)<br><br>Заем од Светска банка (Подобрување на социјалните услуги 2, 30 милиони САД долари) | Буџет<br><br>Буџети на ЕЛС<br><br>Заеми од Светска банка<br><br>Претпристапни фондови на ЕУ | Стапка на сиромаштија (под 20%)<br>Процент на потомство кое живее под меѓународната стапка на сиромаштија според род, возраст, вработување и место на живеење (урбано/рурално) претставено во категории<br><br>Под 21,8% (вкупно) |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Институт за јавно здравје<br>Центри за јавно здравје<br>ЕЛС | | | | | Под 21,9% (жени)<br>Под 30,3 % (деца)<br>Под 45,1% (невработени лица) |
| 3.3.2. Правичен систем на социјална заштита со соодветно таргетирање на ранливите категории граѓани | Структуриран пристап за идентификување и помош на ранливите групи во населението со цел тие да ги остварат целосните потенцијали, обезбедувајќи распределба на поддршката онаму каде што е најпотребна земајќи ги во предвид различните состојби во кои овие поединци се наоѓаат | **Министерство за социјална политика, демографија и млади (Центри за социјална заштита и останата социјална инфраструктура)**<br>Министерство за финансии<br>Министерство за економија и труд<br>ЕЛС-ЗЕЛС | 2024 година | 2028 година | Буџетски расходи за социјална заштита (над 12% од БДП)<br>Заем од Светска банка (Подобрување на социјалните услуги 2, 30 милиони САД долари) | Буџет<br>Буџети на ЕЛС<br>Заеми од Светска банка | Стапка на сиромаштија (под 20%) |
| 3.3.3. Развиени јавни социјални услуги достапни за сите | Инвестиции во здравството, образованието, социјалната заштита и други основни услуги, со акцент на проширување на инфраструктурата, подобрување на квалитетот и намалување на разликите. Развој на програми посветени на палијативна нега со родово инклузивен пристап кој ги препознава различните потреби на пациентите жени и мажи. Јакнење на јавната свест и обука на | **Министерство за социјална политика, демографија и млади**<br>Министерство за финансии<br>Министерство за здравство<br>Министерство за образование и наука<br>Министерство за дигитална трансформација<br>Министерство за култура и туризам | 2024 година | 2028 година | Буџетски расходи за социјална заштита (над 12% од БДП)<br>Буџетски расходи за останати јавни социјални услуги | Буџет<br>Буџети на ЕЛС<br>ИПА 2 и ИПА 3 фондови (Претпристапни фондови на ЕУ) | Стапка на сиромаштија (под 20%) |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | здравствените работници | Министерство за јавна администрација<br>Министерство за локална самоуправа | | | | | |
| 3.3.4. Социјални трансфери усогласени со животниот стандард | Финансиска помош и бенефиции кои се сразмерни на економската реалност на граѓаните преку прилагодувања и подобрувања во програмите за социјална заштита | **Министерство за социјална политика, демографија и млади**<br>Министерство за финансии | 2024 година | 2028 година | Буџетски расходи за социјална заштита (над 12% од БДП) | Буџет<br>Буџети на ЕЛС | Стапка на сиромаштија (под 20%) |
| 3.3.5. Интегрирани и активирани ранливи категории во општеството во согласност со индивидуалните можности | Со спроведување политики кои промовираат вклучување и активно учество на овие групи, државата може да го искористи потенцијалот на целото нејзино население преку надминување на родовите бариери кои го попречуваат активното учество на жените и мажите подеднакво. | **Министерство за социјална политика, демографија и млади**<br>Министерство за финансии<br>Стопански комори<br>Министерство за локална самоуправа<br>ЕЛС<br>Граѓански организации | 2024 година | 2028 година | Буџетски расходи за социјална заштита (над 12% од БДП) | Буџет<br>Буџети на ЕЛС | Стапка на сиромаштија (под 20%) |
| 3.3.6. Финансиски стабилни и одржливи столбови на пензиско осигурување | Обезбедување долгорочна финансиска сигурност на населението со право на пензија, преку обезбедување на финансиската одржливост на пензиското осигурување. | **Министерство за социјална политика, демографија и млади**<br>Министерство за финансии<br>МАПАС -Агенција за супервизија на капитално финансирано | 2024 година | 2028 година | Вкупни расходи на Фондот за ПИО (над 101 млрд. ден. во 2024 год.; над 106 млрд. ден. во 2025; над 111 млрд. ден. во 2026 год.; над 116 млрд. ден. во 2027 год.; над 121 | Буџет<br>Фонд за ПИО | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | пензиско осигурување<br>Фонд за ПИО<br>Пензиски друштва | | | млрд. ден. во 2028 год.) | | |
| 3.3.7. Зачувување на куповната моќ на пензиските примања | Осигурување дека пензионерите можат да го одржат својот животен стандард и да ги задоволат своите финансиски потреби преку спроведување на политики и прилагодувања кои ги одржуваат пензиските бенефиции во согласност со трошоците за живот и инфлацијата | **Министерство за социјална политика, демографија и млади**<br>Министерство за финансии<br>Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување<br>Фонд за ПИО | 2024 година | 2028 година | Вкупни расходи на Фондот за ПИО (над 101 млрд. ден. во 2024 год.; над 106 млрд. ден. во 2025; над 111 млрд. ден. во 2026 год.; над 116 млрд. ден. во 2027 год.; над 121 млрд. ден. во 2028 год.) | Буџет<br>Приватни пензиски друштва и пензиски фондови | Стапка на сиромаштија (под 20%) |
| 3.3.8. Имплементиран концепт на активно и здраво стареење | Охрабрувајќи ги постарите граѓани вклучувајќи ги жените и мажите и овозможувајќи им да водат активен и ангажиран живот, земјата ќе може да го искористи нивното огромното искуство, мудрост и вештини. Создавање овозможувачка средина за зголемување на отпорноста на старите лица. Проекциите на населението покажуваат дека учеството на постарата популација ќе се зголеми. За да се обезбеди здравје и благосостојба на постарите лица, од | **Министерство за социјална политика, демографија и млади**<br>**Министерство за здравство**<br>**Министерство за спорт**<br>**ЕЛС** | 2024 година | 2028 година | / | / | Очекуван здрав живот на 60 години (над 15) |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | суштинско значење е да се идентификуваат нивните потреби поврзани со активното стареење. Тоа ќе овозможи стратешко планирање кое поттикнува меѓугенерациска поддршка. | | | | | | |
| 3.3.9. Функционален систем на превенција и заштита од насилство врз жените и родово засновано насилство | Зајакнување на системите за превенција и пријавување на родово базирано насилство. Зголемување на довербата во постојните системи и услуги и зајакнување на институционалниот капацитет за прецизна проценка на ризикот од насилство и да преземат соодветни мерки за заштита на жртвите. | **Министерство за внатрешни работи** **Министерство за социјална политика, демографија и млади** Министерство за правда Министерство за образование и наука Министерство за здравство | 2024 година | 2028 година | / | Буџет<br>Буџети на ЕЛС<br>Претпристапни фондови на ЕУ | Намален број на регистрирани случаи на родово засновано насилство и насилство вр жените (за најмалку 20%) |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3.4.: ОПШТЕСТВО БАЗИРАНО НА ЗНАЕЊЕ, КРИТИЧКО РАЗМИСЛУВАЊЕ И ВРЕДНОСТИ** | | | | | | | |
| 3.4.1. Задолжително предучилишно образование | Пристап до раното детско образование на сите деца на возраст од три до пет години, преку носење на политики и регулативи кои бараат присуство во предучилишни програми земајќи ги во предвид родово специфичните фактори кои влијаат на еднакви можности и | **Министерство за образование и наука** Министерство за социјална политика, демографија и млади Биро за развој на образованието | 2024 година | 2028 година | Буџетски расходи за образование и наука над 4% од БДП | Буџет<br>Буџети на ЕЛС<br>Претпристапни фондови на ЕУ<br>Грантови од меѓународни организации | Глобален индекс на знаење (над 52) |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | резултати кај момчињата и девојчињата. | | | | | | |
| 3.4.2. Резултати од учење во формалното образование усогласени со меѓународните стандарди | Ученици кои ги исполнуваат глобалните одредници за знаење и вештини. Темелни реформи во сите степени на системот на формалното образование и поттикнување на креативноста, вклучувајќи ги родово сензитивните фактори кои треба да гарантираат дека девојчињата и момчињата имаат еднаков пристап до квалитетно образование и дека средината за учење е поддржувачка за нивните различни потреби и интереси. | **Министерство за образование и наука**<br>Биро за развој на образованието<br>Центар за стручно образование и обука<br>Државен испитен центар<br>Образовни институции | 2024 година | 2028 година | Буџетски расходи за образование и наука над 4% од БДП | Буџет<br><br>Буџети на ЕЛС<br><br>Претпристапни фондови на ЕУ<br><br>Грантови од меѓународни организации | Глобален индекс на знаење (над 52) |
| 3.4.3. Меѓународно препознаени и конкурентни високообразовни и научни институции | Рационализирање на хипертрофираната мрежа на високообразовни институции, воведување на строги критериуми за нивна акредитација и реакредитација, за евалуација и за поттикнување на интересот на високообразовните и научните институции за екстерна акредитација | **Министерство за образование и наука**<br>Агенција за квалитет во високото образование<br>Национален совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>Универзитети<br>МАНУ | 2024 година | 2028 година | Буџетски расходи за образование и наука над 4% од БДП | Буџет<br><br>Претпристапни фондови на ЕУ | Најмалку еден универзитет во првите 2.000 универзитети на списокот на „Times Higher Education“ или на Шангајскиот Џиао Тонг универзитет |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.4.4. Информалното образование признаено во системот на вештини | Вреднување и признавање на знаењето и компетенциите стекнати надвор од образовните институции, преку препознавање во националната рамка за вештини.<br><br>Систем за валидација неформално и информално учење<br><br>Препознавање на претходно стекнато знаење | **Министерство за образование и наука**<br>**Биро за развој на образование**<br>**Центар за стручно образование и обука**<br>**Центар за образование на возрасни**<br>Министерство за социјална политика демографија и млади<br>Агенција за квалитет во високотообразование<br>Национален совет за високо образование и научноистражу-вачка дејност<br>Стопански комори | 2024 година | 2028 година | Буџетски расходи за образование и наука над 4% од БДП | Буџет<br><br>Претпристапни фондови на ЕУ | Глобален индекс на знаење (над 52) |
| 3.4.5. Воспитно образовен систем што ги поттикнува и развива демократските вредности во општеството | Создавање на силна основа на вредности, што ќе овозможи младите да се стекнат со вештини и начин на размислување неопходни за личен раст, активно учество во општеството и придонес за севкупниот напредок на населението преку пристап кој ги адресира различните искуства и потреби на девојчињата и момчињата. | **Министерство за образование и наука**<br>Биро за развој на образованието<br>Центар за стручно образование и обука<br>Агенција за квалитет во високото образование<br>Национален совет за високо образование и | 2024 година | 2028 година | Буџетски расходи за образование и наука над 4% од БДП | Буџет<br>Буџети на ЕЛС<br><br>Претпристапни фондови на ЕУ<br><br>Фондови на приватен сектор (приватни училишта) | Глобален индекс на знаење (над 52) |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | научноистражувачка дејност<br>Образовни институции | | | | | |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3.5.: ПРЕПОЗНАТЛИВ КУЛТУРЕН ИДЕНТИТЕТ И ВРЕДНОСТИ** | | | | | | | |
| 3.5.1. Развиени културни и креативни индустрии и спорт | Зајакнување на претприемачите вклучително и женското претприемништво, а истовремено промовирање на културното богатство пред глобалната публика. | **Министерство за култура и туризам**<br>Министерство за економија и труд<br>Министерство за образование и наука<br>Стопански комори<br>ЕЛС | 2024 година | 2028 година | Буџетски трошоци за поддршка на културата (над 1,5% од БДП) | Буџет<br>Буџети на ЕЛС<br><br>Претпристапни фондови на ЕУ<br><br>Фондови на приватен сектор | Учество на културниот сектор во вкупната вработеност (над 0,5%) |
| 3.5.2. Културата, мултикултурата и културното наследство во функција на туризмот | Културата и културното наследство играат голема улога во функција на туризмот, нудејќи и на Република Северна Македонија можност да ја промовира својата богата историја и традиции на светот со пристап кој ги препознава различните таленти и придонеси на жените и мажите во културата и традицијата. | **Министерство за култура и туризам**<br>Министерство за економија и труд<br>Агенција за промоција и поддршка на туризмот<br>Стопански комори<br>ЕЛС | 2024 година | 2028 година | Буџетски трошоци за поддршка на културата (над 1,5% од БДП) | Буџет<br><br>Претпристапни фондови на ЕУ<br><br>Грантови од други организации<br><br>Фондови на приватен сектор | Учество на културниот сектор во вкупната вработеност (над 0,5%) |
| 3.5.3. Културно наследство отпорно на ризици | Имплементација на стратегии за заштита на историските локалитети, артефакти и традиции, осигурувајќи им отпорност наспроти предизвиците како што се природните катастрофи, урбанизацијата и културните промени земајќи ги во предвид специфичните перспективи и одговорности на мажите и жените. | **Влада на РСМ**<br>**Министерство за култура и туризам**<br>Управа за заштита на културното наследство | 2024 година | 2028 година | Буџетски трошоци за поддршка на културата (над 1,5% од БДП) | Буџет<br><br>Претпристапни фондови на ЕУ<br><br>Грантови од други организации | Учество на културниот сектор во вкупната вработеност (над 0,5%) |

# СТРАТЕШКА ОБЛАСТ БР. 4: ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО И ДОБРО УПРАВУВАЊЕ

## Мисија

Северна Македонија да биде развиена како мултикултурна родово инклузивна заедница заснована врз владеењето на правото и доброто управување, како најсилна гаранција за почитување на правото на среќа на граѓаните и на подобар квалитет на живот. До 2044 година РСМ, како нова членка на ЕУ, државата треба да ги отвори сите протоци на основните слободи и права на македонските граѓани, како државјани и на ЕУ, на единственото подрачје на слобода, безбедност и правда, а сите нејзини институции на власт-собраниска, извршна и судска, да ги остваруваат своите функции врз европските вредности и стандарди, со високо ефективно, транспарентно и целосно дигитализирано судство кое континуирано бара одговорност од оние кои се виновни за корупција и тешки форми на криминал, со силна, високопрофесионална и деполитизирана и ефикасна јавна администрација, со граѓани кои согласно нивната уставна позиција на носители на суверенитетот се вистински партиципиенти учесници во политичкото одлучување и заштитени ранливи групи на сите нивоа; со учество на бизнис заедницата, граѓанското општество и политичките партии во креирањето на јавните политики низ постојано унапредување на демократските односи и дијалог на сите нивоа и со одговорни носители на јавни функции и даватели на јавни услуги. Државата ќе создаде средина каде што ќе напредува одржливата пазарна економија и ќе се создадат услови за поголема социјална правда и сигурност за сите граѓани кои ќе ги споделуваат придобивките од економскиот раст развој и нема да чувствуваат потреба да емигрираат во економски поразвиените држави со функционална демократија.

## Стратешки цели

- Владеење на правото и доследно применет принцип на поделба на власта и ефективна парламентарна контрола
- Транспарентен, отчетен и ефикасен јавен сектор
- Слободни и независни медиуми
- Нулта корупција, правна сигурност и неселективна правда
- Ефикасна заштита на основните човекови слободи и права и заштита на заедниците

| Релевантни преговарачки поглавја со ЕУ | Релевантни Цели за одржлив развој |
|---|---|
| Кластер 1: **Фундаменти**<br>Поглавје 23: Правосудство и фундаментални права<br>Поглавје 24: Правда, слобода и безбедност<br>Поглавје 5: Јавни набавки<br>Поглавје 32: Финансиска контрола<br>Кластер 3: Конкурентност и инклузивен раст<br>Поглавје 10: Информатичко општество и медиуми | Цел 16: Мир, правда и силни институции<br>Цел 10: Намалени нееднаквости<br>Цел 8: Достоинствено вработување и економски раст<br>Цел 1: Нема сиромаштија<br>Цел 5: Родова еднаквост<br>Цел 3: Добро здравје и благосостојба |

| Стратешки приоритет | Скратен опис на приоритет | Водечки орган Други органи | Почетен датум | Планиран датум на извршување | Проценка на потребните средства (годишен просек, 2024-2028) | Извор на финансирање | Показател на резултат (поврзан со приоритетот) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4.1.: ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО И ДОСЛЕДНО ПРИМЕНЕТ ПРИНЦИП НА ПОДЕЛБА НА ВЛАСТА И ЕФЕКТИВНА ПАРЛАМЕНТАРНА КОНТРОЛА** | | | | | | | |
| 4.1.1. Забрзување на евроинтегративниот процес | Преземање чекори и донесување одлуки за да се обезбеди продолжување на евроинтеграциите и полноправно членство, согласно утврдената Преговарачка рамка со ЕУ.<br>. | **Министерство за европски прашања<br>Влада на РСМ<br>Собрание на РСМ<br>Останати ресорни министерства<br>Министерство за финансии<br>Министерство за надворешни работи и меѓународна трговија<br>Државен завод за ревизија<br>Ревизорско тело за ИПА** | 2024 година | 2028 година | Буџетски средства (развојна програма МА Помош при транзиција и институционална надградба) - 22.867.000 денари)<br><br>Во рамки на Програмата ИПАРД 2021-2027 година: 97 милиони евра средства од ИПА, национално кофинансирање 31 милиони евра.<br><br>859 милиони евра (План за раст на Европска Комисија, 2024-2027), од кои две третини заеми и една третина инвестициски грантови. | Буџет<br><br>Буџети на ЕЛС<br><br>Претпристапни фондови на ЕУ | Отворени над 70% од преговарачките поглавја |
| 4.1.2. Доследна примена на начелото на поделба на власта и создавање на ефикасни и департизирани институции | Пресоздавање на ефикасни департизирани институции, кои на подолг рок треба да го водат процесот | **Собрание на РСМ<br>Влада на РСМ<br><br>Министерство за правда** | 2024 година | | / | / | Индикатор за ефективност на владата над 0,2 во 2028 год. (релевантен дијапазон: -2,5; +2,5) |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | на надминување на кризата, одмрзнување на евроатлантските интеграции и развој на општеството врз либералните начела на демократска правна држава | **Останати ресорни министерства** | | 2028 година | | | Индикатор за гласност и отчетност над 0,2 во 2028 год. (релевантен дијапазон: -2,5; +2,5)<br><br>Индикатор за владеење на правото над 0,2 во 2028 год. (релевантен дијапазон: -2,5; +2,5) |
| 4.1.3. Политичките партии како промотори на демократските процеси и на демократскиот дијалог | Политичките партии треба да бидат главни промотори на демократските стремежи. Тие треба да ја имаат предвид неповторливата шанса за придвижување на земјата на пред и да го исполнат барањето на граѓаните, земјата да стане полноправна членка на ЕУ. | **Собрание на РСМ**<br>**Влада на РСМ**<br>Министерство за односи со заедниците<br>Политички партии | 2024 година | 2028 година | / | / | Индикатор за гласност и отчетност над 0,2 во 2028 година (релевантен дијапазон: -2,5; +2,5)<br>/ |
| 4.1.4. Независни судови, самостојни и ефективни обвинителства и други институции на правдата | Почитувањето и примената на правото, меѓу другото, и со воспоставување ефективна контрола над извршната власт и државната управа во делот на изрекувањето на правото и заштитата на човековите слободи и права | **Министерство за правда**<br>**Собрание на РСМ**<br>**Надзорни/контролни тела - Судски совет** | 2024 година | 2028 година | Во согласност со судскиот буџет | | Индикатор за владеење на правото над 0,2 во 2028 година (релевантен дијапазон: -2,5; +2,5) |

| СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4.2.: ТРАНСПАРЕНТЕН, ОТЧЕТЕН И ЕФИКАСЕН ЈАВЕН СЕКТОР | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.2.1. Транспарентна и демократска постапка на донесување легитимни закони и други одлуки | Донесување на законите во транспарентна и демократска постапка уредена со Деловникот на Собранието на РСМ. Таа постапка подразбира легитимност на законите и другите одлуки. | **Влада НА РСМ**<br>Собрание на РСМ<br>Државна комисија за спречување на корупцијата<br>Судови<br>Политички партии<br>Министерство за дигитална трансформација<br>Министерство за јавна администрација | 2024 година | 2028 година | / | / | Индикатор за владеење на правото над 0,2 во 2028 год. (релевантен дијапазон: -2,5; +2,5) |
| 4.2.2. Доследна и континуирана имплементација на донесените закони и почитување на договорените обврски | Донесување и примена на мерки за надзор врз постапките за примена на законите, воспоставен механизам и систем за мониторирање на доследната и континуирана примена на законите и почитување на обврските кои произлегуваат склучените договори на меѓународно и национално ниво. | **Собрание на РСМ**<br>Влада на РСМ<br>Државна комисија за спречување на корупцијата<br>Министерство за јавна администрација | | | / | / | Индикатор за владеење на правото над 0,2 во 2028 год. (релевантен дијапазон: -2,5; +2,5)<br><br>Индикатор за ефективност на владата над 0,2 во 2028 год. (релевантен дијапазон: -2,5; +2,5) |
| 4.2.3. Избор, именување, вработување и унапредување во јавната администрација врз основа на системот на заслуги | Спроведување на принципот на избор, именување, вработување и напредување во јавната администрација според системот на | **Влада на РСМ**<br>Собрание на РСМ<br>Министерство. за правда<br>Државна комисија за спречување на корупцијата | 2024 година | 2028 година | / | / | Индикатор за ефективност на владата над 0,2 во 2028 год. (релевантен дијапазон: -2,5; +2,5)<br><br>Индикатор за владеење на правото над 0,2 во 2028 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | квалификации, знаење и заслуги. | Министерство за јавна администрација | | | | | год. (релевантен дијапазон: -2,5; +2,5) |
| 4.2.4. Засилена транспарентност и отчетност во остварувањето на јавните функции | Изградена доверба на граѓаните во Владата, односно во министерствата и во другите органи на државната управа и институции на извршната власт и создавање амбиент на транспарентност и доверба. | **Министерство за јавна администрација**<br>**Влада на РСМ**<br>Собрание на РСМ<br>Министерство за дигитална трасформација<br>ЕЛС<br>Граѓанско општество | 2024 година | 2028 година | / | / | Индикатор за гласност и отчетност над 0,2 во 2028 година (релевантен дијапазон: -2,5; +2,5) |
| 4.2.5. Судска контрола над законитоста на актите на јавната администрација | Зацврстена судска контрола на уставноста на законите и законитоста на прописите на јавните органи. Рационализација и оптимизација на јавниот сектор, и поставување на стабилна правна рамка. | Управен суд<br>Уставен суд<br>Судски тела | 2024 година | 2028 година | / | Буџет<br><br>Судски буџет | Индикатор за владеење на правото над 0,2 во 2028 год. (релевантен дијапазон: -2,5; +2,5) |
| 4.2.6.Дигитализација на јавните услуги и служби и слободен пристап до информации на граѓаните за нивното функционирање | Дигитализацијата како приоритет подразбира постигнување на висок степен на модернизација на земјата преку користење на информатички технологии во приватниот и јавниот сектор | **Министерство за јавна администрација/**<br>**Министерство за дигитална трансформација**<br>**Влада на РСМ**<br>Собрание на РСМ<br>Останати ресорни министерства<br>ЕЛС | 2024 година | 2028 година | Буџетски расходи над 35% од БДП<br><br>Заем од Светска банка (Агенда за дигитален развој, 50 милиони САД долари – 2025 година) | Буџет<br>Буџети на ЕЛС<br><br>Претпристапни фондови на ЕУ<br><br>Грантови од други меѓународни организации | Над 36% од населението со основни дигитални вештини (извор: Eurostat) |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | пристапни и прилагодени на специфичните можности и потреби на мажите и жените. Истите да се приспособени на ранливите групи на граѓани, еднакво достапни за сите граѓани секаде во руралните и урбаните средини. . | | | | | Заеми од Светска банка | |
| 4.2.7. Јавна администрација ориентирана кон остварување резултати | Ефикасна, ефективна, квалитетна, транспарентна и одговорна јавна администрација која на граѓаните им нуди предвидливост и квалитетни јавни услуги | **Министерство за јавна администрација**<br>**Влада на РСМ**<br>Собрание на РСМ<br>Министерство за дигитална трансформација<br>Останати ресорни министерства<br>ЕЛС<br>Граѓанско општество | 2024 година | 2028 година | Буџетски расходи над 35% од БДП | Буџет<br><br>Претпристапни фондови на ЕУ<br><br>Грантови од други меѓународни организации | Индикатор за ефективност на владата над 0,2 во 2028 год. (релевантен дијапазон: -2,5; +2,5) |
| 4.2.8. Креирани политики со учество на граѓански организации, граѓани и други засегнати страни | Обезбедување услови за што поширок опфат на информирани граѓани, но и нивно консултирање во случај кога треба да се носат политики и одлуки . Забележителен е позитивниот тренд на зајакнатата координација и вмрежување на | **Влада на РСМ**<br>Собрание на РСМ<br>Министерство за јавна администрација<br>Единици на локална самоуправа<br>Останати ресорни министерства<br>Граѓанско општество | 2024 година | 2028 година | Буџетски расходи над 35% од БДП | Буџет<br><br>Буџети на ЕЛС<br><br>Претпристапни фондови на ЕУ<br><br>Грантови од други меѓународни организации | Индикатор за ефективност на владата над 0,2 во 2028 год. (релевантен дијапазон: -2,5; +2,5) |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | граѓанското општество за соработка со Владата, особено во делот на реформи во правосудниот сектор. | | | | | | |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4.3.: СИЛНО ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО И СЛОБОДНИ И НЕЗАВИСНИ МЕДИУМИ** | | | | | | | |
| 4.3.1. Силен граѓански сектор како основа за отчетно, транспарентно и демократско општество | Континуирано зајакнување на граѓанскиот сектор, кој претставува основа и сигурност за долгорочен развој и креирање на политики согласно потребите на граѓаните. Неопходно е обезбедување на континуирана и одржлива финансиска и нефинансиска поддршка на граѓанскиот сектор и негово формално и неформално вклучување во сите реформски процеси на сите нивоа | **Влада на РСМ**<br>**Собрание на РСМ**<br>Останати ресорни министерства<br>ЕЛС<br>Граѓанско општество | 2024 година | 2028 година | Буџетска поддршка за невладиниот сектор (преку транспарентни и објективни критериуми) | Буџет | Глобален статус на слобода (над 72 индексни поени од 100) |
| 4.3.2. Слобода на медиумите за објективно информирање | Медиумите овозможуваат постојана проверка и оценка на активностите на власта и помагаат прашањата од интерес за граѓаните и гласот на граѓаните да стане важен и да биде слушнат во јавната сфера. | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги<br>Министерство за дигитална трансформација<br>Граѓанско општество | 2024 година | 2028 година | Буџетска поддршка за медиумите (преку транспарентни и објективни критериуми) | Буџет | Глобален статус на слобода (над 72 индексни поени од 100)<br><br>Индекс на слобода на медиумите (над 75 од можни 100 поени) (World Press Freedom Index) |

| СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4.4.: НУЛТА КОРУПЦИЈА, ПРАВНА СИГУРНОСТ И НЕСЕЛЕКТИВНА ПРАВДА | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.4.1. Примена на универзалните стандарди на добро владеење | Примена на универзалните стандарди формулирани и во меѓународните конвенции што се однесуваат на злоупотребата на власта, криминалот и корупцијата или се експлицитно предвидени како политички критериуми што треба да ги исполни секоја држава кандидат за членство во ЕУ. | **Влада на РСМ**<br>Собрание на РСМ<br>Државна комисија за спречување на корупцијата<br>Правосудни органи | 2024 година | 2028 година | / | Буџет<br><br>Претпристапни фондови на ЕУ<br><br>Грантови од други меѓународни организации | Индикатор за ефективност на владата над 0,2 во 2028 год. (релевантен дијапазон: -2,5; +2,5)<br><br>Индикатор за владеење на правото над 0,2 во 2028 год. (релевантен дијапазон: -2,5; +2,5)<br><br>Индикатор за гласност и отчетност над 0,2 во 2028 год. (релевантен дијапазон: -2,5; +2,5) |
| 4.4.2. Ефикасна борба против корупцијата, организираниот криминал и злоупотребите на власта на сите нивоа | Преглед на воспоставените практики, идентификување на системски проблеми, давање препораки и наоди до сите релевантни учесници за нивните понатамошни активности, истовремено осврнувајќи се на дефицитите при спроведувањето на правдата. | **Влада на РСМ**<br>Собрание на РСМ<br>Државна комисија за спречување на корупцијата<br>Правосудни органи<br>Стопански комори<br>Граѓанско општество | 2024 година | 2028 година | / | Буџет<br><br>Претпристапни фондови на ЕУ<br><br>Грантови од други меѓународни организации | Индикатор за перцепција за корупцијата (подобрување за најмалку пет позиции на глобалното рангирање до 2028 година) |
| 4.4.3. Независни, функционални и добро координирани државни институции | Исполнување на функциите на државните | **Влада на РСМ**<br>Собрание на РСМ<br>Државна комисија | 2024 година | 2028 година | Буџет<br>Судски буџет | Буџет | Индикатор за ефективност на владата над 0,2 во 2028 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | институции преку доследно придржување кон принципите на законитост, транспарентност, професионалност, отчетност и одговорност | за спречување на корупцијата<br>Правосудни органи | | | | Претпристапни фондови на ЕУ<br><br>Грантови од други меѓународни организации | год. (релевантен дијапазон: -2,5; +2,5) |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4.5.: ЕФИКАСНА ЗАШТИТА НА ОСНОВНИТЕ ЧОВЕКОВИ СЛОБОДИ И ПРАВА И ЗАШТИТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ** | | | | | | | |
